2347

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
22. XII. 1966

## КУЛТУРЕН ЖИВОТ

ОД РАБОТАТА НА НАШИТЕ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

# Конечно: продажна ликовна галерија во Скопје

● **Непостоењето на продажна ликовна галерија кај нас еднакво се чувствуваше и кај уметниците а и кај пошироката публика заинтересирана за нашето ликовно творештво**

(Г. Поповски)

До неодамна Скопје, во споредба со другите републички центри во земјата, не располагаше со продажна галерија на уметнички ликовни дела. Овој недостиг на нашиот главен град еднакво го чувствуваа и уметниците а и оние што пројавуваат живо интересирање за нашето ликовно творештво, пошироката ликовна публика.

Со желба да даде свој придонес во оваа насока, работната заедница на Музејот на современата уметност во Скопје направи обид, проткаен со нужна претпазливост и ограниченост во првите негови зафати, да им овозможи на нашите ликовни уметници во нејзиниот салон да продаваат свои творби.

Всушност, почетокот на оваа иницијатива беше најавен со отворањето на неданешната изложба на Георги Цапев, при што, покрај неговите творби, во ликовната галерија на Музејот на современа уметност беа презентирани и графики на неколку македонски уметници: Драгутин Аврамовски, Петар Хаџи Бошков, Божин Барутовски, Иван Велков и Менче Спировска. Графичките листови на овие уметници претставуваат потесен избор од нивното творештво што го направи Музејот во договор со самите автори.

Основниот критериум на Музејот при изборот на делата беше ликовниот интерес и ликовната вредност на предложените дела што, се чини, и натаму би требало да претставува принцип во работата на институцијата во оваа област.

Освен графиката што претставува единствено презентирана ликовна дисциплина во овој обид, поради својата прифатлива цена, а и едноставен начин ликовното дело полесно да се доближи до потенцијалниот купувач, подоцна во Салонот ќе можат да изложат свои творби и нашите сликари и скулптори.

### Акцијата за подарување уметнички дела продолжува

На 26 јули 1966 година, за време традиционалната изложба на подарени дела, Музејот ги прикажа делата добиени во текот на една година. Досега пристигнаа уште над педесет уметнички творби од уметници од Италија, Јапонија, САД, Канада, Франција, Австрија и други земји. Всушност, акцијата за подарување уметнички дела на Музејот на современата уметност во Скопје без прекин се одвива и во земјата и странство. Така, од Холандија, каде што кон акцијата се приклучија повеќе современи холандски уметници, секојдневно во Музејот пристигнуваат подарени дела. Во Полска, што наедно претставува една од земјите што даде најголем придонес за Музејот, подарени се 30 скулптури од современи полски уметници, што до крајот на годинава се очекуваат да пристигнат во Скопје.

Неодамна Музејот на современата уметност доби уште еден значаен подарок. Бразилската уметница Мариа Бономи, која неодамна во Љубљана имаше самостојна графичка изложба, сите свои графики од изложбата ги подари на Музејот. Тоа се 20 дрворези работени во последните неколку години.

Со новите ликовни подароци, скопската публика ќе има можност да се запознае во текот на идната година, на изложбата „Подарени дела“.